Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Сектор за основно образование

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës
Sektori për arsim fillor

Здружението на наставници за организација на натпреварот по математика во основното образование- Сојузот на математичари на Македонија е акредитирано за период од три години, важечко од денот на донесување на Решението.

По однос на Вашето прашање за тоа дали здружение чиј основачки акт е донесен во ноември 2017 може да добие акредитација за натпреварите по математика за следната година, Ве упатуваме да го следите Конкурсот кој го објавува Министерството за образование и наука во првото тромесечие во годината, во кои ќе бидат објавени и условите под кои едно здружение може да аплицира.

Во делот од прашањето за тоа дали не акредитирано здружение на наставници може да организира натпревари Ве известуваме дека Министерството за образование и наука не може да ги ограничи и да им забрани на учениците да учествуваат на натпревари кои се организираат од не акредитирани здруженија, имајќи во предвид дека истите се организираат вон- наставно и не го попречуваат воспитно- образовниот процес, но во Законот за основното образование е предвидено дека на оние ученици и наставници кои освоиле прво место на натпревар на државно ниво организиран од акредитирано здружение на наставници им се доделува парична награда, чија висина ја утврдува министерот за образование и наука.

Со почит,

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Подготвил: Сања Јанчева
Контролирал: Елена Ивановска
Одобрил: Назиктере Сулејмани


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodi" nr. 54 Shkup
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk